20191542446

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 17 став (10) Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010 36/2011, 98/2012 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016, 21/2018 и 245/2018) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на седница 22.7.2019 донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР И НА НАДЗОРЕН ОДБОР НА ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

Член 1

Во Правилникот за начинот и постапката за избор на член на управен одбор и на надзорен одбор на пензиско друштво („Службен весник на Република Македонија“ бр. 175/2013, 131/2016 и 32/2018) членот 9 се менува и гласи:

“Доколку надзорниот одбор на пензиското друштво од своите редови именува вршител на должноста член на управен одбор, пензиското друштво доставува до Агенцијата известување и програма за работење на пензиското друштво и пензиските фондови изработена од предложениот член на управен одбор за неговиот делокруг на работа.

Вршителот на должноста член на управен одбор може да ја врши функцијата најдолго шест месеци од денот на именувањето.

Пензиското друштво поднесува барање до Централниот регистар за упис на вршителот на должност член на управен одбор и доставува до Агенцијата заверена копија од решението за извршен упис на вршителот на должноста член на управен одбор во Централниот регистар на Република Северна Македонија, во рок од 5 дена од извршениот упис.“

Член 2

Во целиот текст на правилникот по зборот: „Република“ се додава зборот:„Северна“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-980/5
25 јули 2019 година
Скопје

Член на Советот на експерти
Дарко Саздов, с.р.